РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Бр. 08 - 1055/6
10.05.2023

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 47 седница одржана на 30.11.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Менаџмент и контрола на квалитет", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технолошко - технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Менаџмент и контрола на квалитет", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технолошко - технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година
3. .По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер на технички науки од областа на Менаџмент и контрола на квалитет /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of science in Management and quality control.
Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 213 Контрола на квалитет, Научно – истражувачка област: 21301 Статистички методи во контрола на квалитет, 21302 Контрола на линија и контрола од линија,, 21303 Стандардизација, 21304 Анализа на трошоци за квалитет.
4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 10 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-549/12 од 12.09.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Менаџмент и контрола на квалитет", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Технолошко - технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-658/1 од 17.10.2022 година (наш бр. 08 - 1055/1 од 20.10.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 45-та седницата одржана на 31.10.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 1055/3 од 02.12.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 47-та седница одржана на 30.11.2022 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова